## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Стотата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по 100-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Данаил Дончев, Марјан Додовски, Гоце Марковски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Никола Рилкоски, Влатко Серафимов, Фијат Цаноски, Андреј Жерновски, Али Ахмети, Фазли Велију и Азис Положани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи само 43 пратеници го искористија правото своето присуство да го најават преку системот, ги замолувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 68 пратеници.

Констатирам дека присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон**

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 64 пратеници, од нив 62 гласаа за, 1воздржано, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 65 пратеници и сите 65 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање на два нови членови 6 и 7 по членот 5 и за додавање нов член 6-а и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 1алинеи 3 и 4 и на член 4 став 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Рафис Алити, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Блерим Беџети и Ајше Селмани поднесоа амандмани за бришење на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратениците Рафис Алити, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Блерим Беџети и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата овој амандман не го прифаќа, со оглед на тоа дека надлежности утврдени со Законот за јавното обвинителство, така што мислам од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Господинот Сафет Незири се пријави за збор.

**Сафет Незири:** Предложениот амандман го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувани колеги пратеници, како што видовте и во првиот дел од гласањето на потребата од донесување од овој закон СДСМ го подржа донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за судови, затоа што тоа беше дел од разговорите од договарањето на лидерските средби кои што се одржуваа пред неколку месеци по повод реформите, застојот на реформите во судството. СДСМ ќе го подржи донесувањето на овој закон, но должни сме да укажеме на следното. Точно е дека одредбите кои што се однесуваат на специјализираните одделенија кои што ќе се занимаваат со судење на тела од областа на организираниот криминал и корупција беше предмет на договор. Тоа произлезе од новиот начин на организација на Јавното обвинителство, но не е точно дека предмет на договарање на овие лидерски средби барем за СДСМ дека било и намалување на потребниот стаж за избор на судии во апелационите судови, во Управниот суд и во Врховниот суд на Република Македонија. Меѓутоа, СДСМ и покрај тоа не преговарал и не разговарал за вакви

измени во Законот за судови дава подршка на ваквите измени, се со една единствена цел, реформите во судството кои што ние ги започнавме и за кои што вложивме голема енергија, голема сила да речам и знаење во претходниот наш мандат, сакаме да продолжат.

Меѓутоа, во оваа прилика, сакаме да укажеме на случувањата кои што во моментот се во судството. Според мене, реформите во судството не се одвиваат во саката насока. Реформите во судството не се оние кои што ние ги посакувавме и заради кои што пристапивме кон измени на Уставот на Република Македонија. Напротив, наместо да имаме независно судство во Република Македонија ни се случуваат чудни случувања во Судскиот совет. Повторно ќе кажам во Република Македонија повторно вниманието го привлекува судството и работењето на Судскиот совет како највисок орган во судството. Во Република Македонија оној што треба да се занимава и да ја следи законитоста на луѓето кои што правораздаваат, го крши законот првиот во Судскиот совет. Си го продолжува својот стаж, си ја продолжува својата функција надвор од важењето на сите закони, не само во областа на судството, воопшто на законите. И кога сега истото ова барање му го поставуваат претседателите на судовите да им биде продолжен мандатот за претседатели на основните судови, сега почитувани колеги, мислам дека заслужува овој закон внимание, затоа што ова е исто така трета власт во државата која што правораздава и која што одлучува за правата и слободите на граѓаните во Република Македонија. Мислам дека сериозни работи ни се случуваат во судството. Мислам дека една заедничка цел ни беше да го реформираме судството и да го ослободиме од прегратките на двете власти, практично сега ние го фрливме судството само во една власт, извршната моментално односно на две политички партии кои што практично си поигруваат со реформите во судството. Сега, од овде поставувам прашање на претседателот на Судскиот совет, зошто не постапи исто онака по барањата кои што ги поднесоа неколку претседатели на основните судови, како што си постапи по неговото барање за продолжување на функцијата претседател на Судскиот совет. Како ќе ги образложи одбиените нивни барања врз основа на кој закон ги одбива, ако веќе тој си прифатил свое сопствено барање.

Понатаму, укажуваме како СДСМ, пристапивме кон реформи кон судството, формиравме ваков Судски совет со една единствена цел во иднина судиите во сите судови во Република Македонија да се избираат врз основа на стручност, професионалност и компетентност. Последниот избор на судии во судовите на Република Македонија не ни дава за право да заклучиме дека навистина процесот на избор на судии се одвива онака како што ние замислувавме при измената, при донесувањето на Законот за судски совет и при измената на Уставот на Република Македонија. Напротив, сега ако претходно изборот беше овде политички во Собранието и ако изборот беше пред очите на целокупната јавност, сега изборот го вршат некои политички партии кои што имаат пуштено рака во Судскиот совет. Ова, мислам дека последните избори на судии каде што беа избрани сега судии, сега кандидати блиски до владеачките структури, судии кои беа избрани без да имаат еден ден искуство во судството, а се блиски на носители на политички функции во Република Македонија, судии кои се снаи, сестри, браќа, на носители на политички функции во Република Македонија, не ни дава за право ништо друго да констатираме, освен да ја испратиме многу страшната порака дека во Република Македонија и покрај сите тие законски измени, нема реформи во судството. Сега, наместо Собранието, како што бираше до пред извесно време, пред една година судии, сега избираат само владеачките структури. Само видете кои луѓе се избрани за судии, доволно е јасно дека ништо не се сменило во судството во Република Македонија. Жалосно и страшно е ако продолжиме вака да работиме. Мора час поскоро Судскиот совет да го достави годишниот извештај до Собранието на Република Македонија. За нивната работа, работата на судовите, но и за нивната работа како Судски совет во ова Собрание да може да подебатираме, да може да подискутираме за слабостите кои што се јавија при имплементацијата на законите за реформи во судството. Ова не се правни празнини, не се пропуштени празнини во законските решенија туку тоа е желба на владеачката гарнитура. Значи, под плаштот дека имаме реформи, да се продолжи понатаму со партизација на судството, затоа што имаат директна рака и директно влијание на Судскиот совет. Мислам дека ова нема да го толерираме ниту ние како опозиција, но пред се и над се меѓународната заедница, затоа што мислам дека тие ја следат, многу е важна оваа реформа во овој сегмент, па затоа добивме многу позитивни оценки, во извештајот бевме позитивно оценети. Но мислам дека ако вака продолжиме многу лесно Република Македонија ќе ја расипе позитивната оценка на ова поле.

Затоа, уште еднаш, сега сакам да завршам, дека ќе го подржиме донесувањето на измените и дополнувањата на законот за судови, дека намалкувањето на стажот за избор на судии не бил предмет на лидерските средби, но еве постојано да не ви биде некој крив за работите кога ќе се заматат, СДСМ и покрај тоа што не беа предмет на лидерските средби ќе ја прифати и оваа измена и ќе гласа за донесување на измените и дополнувањата на Законот за судови, со сериозните забелешки кои што ги дадов за случувањата во судството и реформите во судството во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Збор има господинот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Господин министер, колеги пратеници, јас најкратко сакам да прокоментирам, бидејќи разговараме за текстот по однос на законот, изменување и дополнување на Законот за судовите, кои еве и слушнавме на некој начин е усогласен на таа лидерска средба, јас сакам да потсетам еве и за вас колеги и за јавноста дека ние како колеги пратеници од повеќе пратенички групи имаме доставено исто така измени и дополнувања на Законот за судовите. Всушност тоа е 34-тата седница на Собранието на Република Македонија која не е завршена како точка 30 се наоѓа нашиот предлог и ова до вас како потсетување, почитуван министер за правда кога се донесе Законот 2006 година, тогаш се одземаа ингеренциите на основните судови Кавадарци, Гевгелија и Кичево. Јас бев таму на една трибина во својство на потпретседател тогашен на Собрание и разговарав на некој начин како би можело да се исправи тоа што се направи со носењето на законот во 2006 година. До Собранието ние уредно доставивме иницијатива како пратеници, јас не доаѓам да бидам искрен и отворен од овие општини, туку и колегите кои се од овие општини и би можело да го разгледа ресорното министерство и да даде упатство како понатаму да продолжиме се со единствена цел, бидејќи во претходниот мандат се ветуваше дека тоа ќе се исправи, на некој начин да се вратат надлежностите на овие три основни судови кои ги спомнав и кои децидно се наведени во предлогот за изменување и дополнување кој го дадовме ние колегите пратеници, а да потсетам е на 34-та седница како точка 30. Ви благодарам почитувани колеги.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Анасатасовски.

Збор има господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе,

На почетокот дозволете да кажам дека ќе гласам за овој закон, иако не сум до крај воодушевен од законсите решенија во овој дел, но со оглед на тоа што за жал, и овој е еден од законите кој што е веќе донесен надвор од Парламентот, надвор од Собранието, па се надевам дека таа пракса ќе прекине. Но, дозволете ми да искажам само неколку свои забелешки.

Да ви кажам дека сум учествувал во изгласување на судии уште од оној прв момент кога по нов начин на изгласување на судиите и новиот закон за судови 1996-1997 година кога се донесе и го чекав денот кога нема да бидат пратениците тие кои што ќе гласаат за избор на судии. Бидејќи, погрешна е тезата дека пратениците врз основа на политичката припадност гласаа судии во изминатиот состав, јас сум убеден дека и тогаш и сега партиите имаат свое влијание и избор на судии, но не се прави тоа како резултат на договор на пратеници, политички партии, туку исклучиво како резултат на моќни, изборот на судии го вршат моќни политички лоби групи внатре во партиите, кои што воспоставија во овој изминат период контрола врз судсвото и обвинителството. За жал. истото ни се случува и сега. При изборот на Судскиот совет и донесување на Законот за судскиот совет укажав во минатиот состав на Парламентот од опасноста дека Судскиот совет може да се претвори во едно моќно тело надвор од било каква контрола на било кој орган во државата кој што повторно ќе избира судии или со печат од партијата, но при тоа исклучиво под влијание само на неколку луѓе во партијата. Сега сум убеден дека изборот на судии се врши под влијание на политичките партии од власта. За жал, не сакам до крај да верувам дека е тоа и со печати дури на политичките партии, како што пишуваше во одредени медиуми можеби е така, но убеден сум дека судиите сега повторно си бираат исклучиво по диктат на одредени политички моќници кои што се во партиите, но и надвор од партиите кои што се поврзани со тие политички партии. Таа опасност од која што се плашевме за Судскиот совет денес е повеќе од било кога изразена. Ова ќе го поткрепам со еден факт. Не да е чудно, туку е жалосно според оние пишувања во медиумите и на електронските медиуми, дека се повеќе судиите се бираат надвор од составот на стручните соработници во судовите. Жалосно е тоа што министерот воопшто не сака да прокоментира дека стручни соработници кои работеле 10 или 12 години како стручни соработници во судовите, не можат да бидат избрани за судии, а можат да бидат избрани некои кои сега ќе имаат по три години работно искуство од полагањето на правосудниот испит, а кои не влегле во судовите.

Колку и да сакате да го напаѓате претходниот избор во изминатите 4 години од 2002 до 2006 година за избор на судии, но најголемиот дел, гарантирам, преку 90% беа избирани судии кои што беа од редот на стручните соработници кои што работеле во судовите на Република Македонија.

Јас знам дека министерот не го интересира ова, многу повеќе го интересира да зборува на мобилен телефон, немајќи во предвид дека кажувањата се дека тој е еден од најмоќните лобисти на таа лоби група надвор од било каква контрола која што избира судии, се плашам дека наместо во вистински реформи на судовите во Република Македонија и обвинителствата ќе имаме ситуација дека во Македонија ќе се створи група со големо влијание и моќ во судовите. И, тоа нема да ни биде забелешка од страна на меѓународните фактори, туку напротив ќе ни биде проблем со кој што ќе се соочиме ние како држава. И, наместо да одиме со реформи во судството, ние на тој план ќе назадуваме. До колку не успееме да изнајдеме решение за контрола на Судскиот совет, не во буквална смисла за диктаторска контрола, туку за демократска контрола на Судскиот совет, ние и

понатаму нема да постигнеме никакви реформи во судовите.

Јас апелирам понатамошното влијание барем што ќе го имаат тие личности при изборот на судии и обвинители да биде од редовите на луѓето кои што работат по 10 и повеќе години како стручни соработници во судовите и во обвинителството. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Збор има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Законот за судии секако нашата парламентарна група на ДУИ ќе му даде поддршка, значи ќе го поддржиме законот, но нашата оценка беше и останува дека стратешки интерес на нашава земја е интеграцијата во НАТО и Европската унија, а истовремено е една од домашните задачи кои се бараат од Република Македонија е и овој закон за кој расправаме денес.

Ова го велам затоа што ние секогаш сме ги подржувале реформите, но и скршнувањата кои се правеле кои ги спомнаа и претходните говорници при изборот на судии, од причина што такви девијации имало и партизација во судовите имало, и ние сме свесни за тоа, и зато ане сме ги подржале кандидатите што беа предложени во ова Собрание.

Јас истовремено ќе кажам дека е добар пример посебно за мнозинството донесувањето на овој закон кој се носи со консензус од сите политички субјекти и ова укажува дека со договор се гради куќа, а без договор се урива изградената куќа. Ова го велам од причина што многу закони во минатото имаше настојувања и има настојување и сега закони кои што се од витален интерес за нашава земја, за граѓаните на Република Македонија, велам, има настојувања да се донесат со еднострани предлози без договор помеѓу политичките субјекти. Ова е добар пример, значи сите тие кои настојуваат на тој начин да ја менаџираат политиката, да се откажат од тој пристап затоа што ова не е во интерес ниту на политичките субјекти, а не интерес на нашава земја.

Нас ни е мило според договорот предложени се и амандмани од страна на Владата и ова е еден дополнителен мотив да го подржиме овој Предлог закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Збор има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас ќе бидам краток во моето излагање. ДПА ќе го подржи овој закон за судови кој е од големо значење и многу димензионален во однос на судската власт. Ние сите знаеме дека во овој сегмент отсуството имаме недоразбирања и несоодветен пристап во континуитет. Со овој закон работите ќе дојдат на свое место. Сакам да нагласам за албанското население дека со овој закон ќе има пристап и во судската власт, значи Албанците ќе го добијат своето заслужно место, се намалува работното искуство што е од големо значење како еден елемент каде во нашите комуникации со граѓаните, со лицата од оваа област, што е и нивно барање, и со овој закон ќе се овозможи една подобра и поправилна застапеност во судската власт. Затоа нашата парламентарна група ќе го гласа овој закон бидејќи има потребни реформски квалитети и што се од големо значење за судската власт. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Ви благодарам господин потпретседателе, најпрвин да ви се извинам вас и на координаторот на пратеничката група на СДСМ што ќе го нарушам договорот, но не можев да оддолеам на присуството на министерот за правда кој објективно доаѓа овде само кога знае дека опозицијата има ветено дека нема да говори.

Ние ако сакаме да направиме реформа во правосудството, да немам грижа на совест отворено да проговориме, не за улогата на законодавната власт, туку за она што ни го напиша и во последната задача од Европската комисија. Ние имаме проблем во имплементацијата на реформите кои започнаа со уставните реформи во 2005 година. И, министре Маневски треба отворено да се каже дека главната кочница за реформирање на нашиот правосуден систем сте вие. Дали тоа ќе го сватат колегите од ВМРО-ДПМНЕ, дали во сето ова што сега се случува се обидувате вие да се провлечете со вашата одговорност, не знам, но заради ситуацијата во која Република Македонија се најде во одбројување на овие 22 дена колку што ги иам до Самитот на НАТО во Букурешт ги тргаме настрана или ги ставаме под тепих сите валканици кои се прават во судството во изминатите 20 месеци.

И, кога го носиме основниот закон мора за некои работи да се каже овде отворено до говорницата бидејќи во краен случај ние ја имаме демократската контрола на работењето на оваа недемократска Валда, чиј вие сте еспонент. Значи, ние не може министре да разговараме за имплементација на сериозни реформи ако продолжи имплементирањето на сето она што ние го правиме под слоганот " ајде да го хармонизираме нашето законодавство". Значи, прифаќам дека ова е добар компромис заради тоа што сакаме во нашите судови да има соодветна и правична застапеност, направена е анализа дека недоволен број од колегите од албанската заеница можат (реакција на дел од пратениците во салата), потпретседателе...

**Бесим Догани:** Повелете продолжете.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Значи поголем број од кандидатите од албанската заедница заради условите кои беа дадени во претходниот предлог не можеа да ги

исполнат условите, ќе се доведеме во ситуација да не може да биде исполнето едно од уставните начела, да имаме соодветна и правична застапеност во судството. И, тука постигнавме консензус и за тоа уште еднаш треба да повториме тоа што го кажа колешката Цветанка, ќе ја имате секогаш нашата поддршка. Но, од друга страна остро ќе се спроивставуваме на партизацијата што ја правите. Значи недопуштено вие како претставник, затоа што направивме сега реформи за да Судскиот совет го ослободиме од партиско влијание.

Неколку пати со вас остро дебатиравме, а вие велите, па вие го дадовте тоа решение, сте мислеле дека Мери Младеновска вечно ќе биде дел од Судскиот своет. Не сум мислел дека Мери Младеновска вечно ќе биде, но не сум очекувал дека ќе дојде човек како што сте вие министре Маневски. Човек кој е најголемата опасност за реформите во судсвото во Република Македонија. Значи, со самото тоа што упорно се обидувате, како прво, како правник тоа мора да го кажам пред македонската јавност, нека анализира, тврдам дека сите одлуки што ги носи Судскиот совет во овој момент се спротивни на Законот и некој ако поведе постапка било каква одлука на Судскиот своет, било каков избор е спорен. Јас не можам да тврдам, Уставниот суд ќе оцени за законитоста, но штетите и злоупотребата што ја првите паѓа на ваш товар. Не може органот кој треба да ја гарантира независноста да си преземе ингеренции повеќе од она што го нуди законот. Јас не знам, мене ми е многу драг Бекир Исени, и сметам дека е одличен правник, но сметам дека овој луксуз не му е потребен. Сите посочуваат дека вие сте ја искористиле една колешка од Штип да се затскире да не биде Михајло Маневски и да го даде тоа решение. Вие, потврдено е, сте гласале за продолжување на мандатот на Бекир Исени, а тоа право го немате. Вие сте претставник, условно речено делегиран затоа што од политиката единствен сте вие таму. Не може состанокот да почнува со давање на список од ваша страна кој да биде избран за судија. Тоа е недопуштено, за тоа има срамежливи говорења, се ближи промената на власта, ќе излезат и мажи, жени кои ќе имаат доблест јавно тоа да го кажат. Јас сакам тоа јавно да го кажам затоа што тоа Собрание говори.

Второ,не може да се занемари фактот дека се злоупотребува вашето име или иемто на вашата сопруга затоа што тврдам во нормална демократска држава тука има конфликт на интереси. Не може за предмети за кој вие говорите од говорницата дека се успешни во борбата против криминалот во втор степен да ги решава Совет каде што е вашата сопруга. Извинете, но така не се оди во Европа. Тоа е јавна тајна, тоа ви го кажува невладиниот сектор, тоа го пишува во Извештајот, вас мува не ве лази. И, ние овде може да глумиме сега конструктивност затоа што сметаме дека ако го донесеме со консензус законот за судовите нешто ќе спасиме. Нема да спасиме ако не го направиме клучниот компромис. Клучниот компромис за жал е еден друг политички критериум, но ова треба да го направиме затоа што сакаме Собранието да не го посочувате како кочничар, затоа што никогаш не сме биле кочничари. Ќе бидеме остри критичари, со право ќе критикуваме, затоа што сега ќе почнам да бројам за небулозите.

Мислев дека овде ќе ставите една брана од влијанието што го има политиката персонифицирана во Михајло Маневски во изборот на судиите.

Прво, не може да се задскриваме за изборот кај што е најголем, значи најголем проблем во овој момент што го има Република Македонија се изборот на судии во основните судови. Ќе ви ги кажам на следните пратенички прашања по список, списокот на ВМРО-ДПМНЕ затоа што не сте успеале сите да ги примите, списокот како и на кој начин е добивана подршката прво од 5 членови на Судскиот своет, за да може после да се гласа. Список од ВМРО-ДПМНЕ каде што стручни соработници кој мора да имаат предност пред адвокатските приправници, адвокати или правници од стопанството. Ние мора да најдеме заштита тие кои ја граделе својата кариера во судот да имаат во посебните услови предност. Кај колегите Албанци ако е тоа проблем, да не ја злоупотребуваме оваа одредба заради соодветна и правична застапеност и таму да вметнуваме партиски кадри. Целата чаршија говори, цела Македонија знае.

Еве ние ветивме да бидем конструктивни, списокот го имаме, дали сакате за Гевгелија, дали сакате за Кавадарци, дали сакате за Кичево, дали сакате за Охрид. Списокот партиски од ВМРО-ДПМНЕ преточен во избор на судии.

Почитуван министре вие немате таков мандат. Вие таму сте претставник во Судскиот своет, затоа што ние се обидовме да имаме увид во работата на Судскиот совет, вие бегате од она што го кажува колешката Цветанка, затоа што и вие сте член на Судскиот совет, да дадете овде годишен извештај. Да видиме ние што се се правиво Судскиот совет, затоа што се доведуваме во позиција, а не предупредуваат дел од експертите, условно речено, од Судскиот совет, чудовиште или монструм кој не ќе можете да го контролирате. Јас тврдам дека споредба, избори, дали сакате на судии од 1994-1998; 1998-2002; 2002-2006, со изборите од 2006 до 2008 се подемократски и беше запазен принципот на јавност. Знам точно дека сте вие еден од противниците седниците на Судскиот совет да бидат јавни. Тие мора да бидат јавни. Тие мора да бидат јавни, инаку нема да има транспарентност во работењето. Ние разбираме посредно кога некој од членовите на Судскиот совет ќе се охрабри и ќе каже што се случило. Една од ретките институции во нашата држава која работи без контрола на јавноста. Тоа, вие сте должен да го обезбедите, вие сте претставник според кажувањето на вашиот

премиер, на најтранспарентната Влада. Ако е Владата транспарентна зошто во Судскиот совет имаме ваква ситуација. Принципот на јваност, прочитајте во Законот за  судски совет е еден од основните начела на кој почива неговата работа. Ние имаме реален проблем, како прво, со тоа што немаше јавност се случи такво гаф, таков скандал д аизбереме еден судија во Гостивар штоне смеевме да го избереме. Се случи таков скандал сега да избереме двајца судии кои уште не дале свечена заклетва, си заминаа. Сето тоа е затоа што нема транспарентнсот, затоа што јавноста не може да ги користи инструментите на контрола. И во секоја работа без јавност има задкулисни игри како што сега се случуваат.

Трето, и претпоследно, министер Маневски, (реакција на дел од пратениците во салата).

**Бесим Догани:** Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Дел од пратениците се нервозни и ако сакате да ги замолите да ја напуштат салата (реакција на дел од пратениците).

**Бесим Догани:** Јас не гледам нервоза господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Еве, во вториот ред еден пратеник.

**Бесим Догани:** Повелете.

**Владо Бучковски:** Нема потреба од нервоза колеги, нема потреба, брзо ќе се даде отчет за се кој што работел. Станувате многу нервозни. Станувате многу нервозни. Сето ова што го говорам одговорно тврдам дека е така. Одговорно тврдам дека е така. Кој има спротивно мислење, затоа е отворен Парламентот, повелете овде да дебитираме дека не е така, покажете дека не е така.

**Бесим Догани:** Ве молам господине Бучковски не им се обраќајте на пратениците.

**Владо Бучковски:** Преку пратениците им се обраќам на граѓаните.

**Бесим Догани:** Нема реакција од пратениците, ве молам.

**Владо Бучковски:** Па ако нема реакција ова ќе личи како на комеморативна седница. Имам впечаток дека сите доаѓаме овде веќе подолго време како на комеморација. Јас не знам, посебно колегиве од средината знаат дека нешто умира, умира една идеа на Македонија за успешна држава во НАТО и за тоа вака. Јас не сакам да бидам на комеморации. Јас не сакам да бидам на комеморации (смеа во салата).

**Бесим Догани:** Ве молам господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Главно што сакам овде да порачам е за нешто што сметам дека треба да биде битно за евопска Македонија и до последен момент ќе се бориме за Европска и Евроатланска Македонија, но за тоа да го направиме треба да иаме вистински реформи.

Имаме една од осумте задачи, тоа е имплементацијата. Јас се плашам дека ова што го  имаме овде сега како законско решение не ќе може да се имплементира со овој министер и тоа можам јас отворено да гокажам.

И, на крајот, жалам што ова што ни се случува во судството се пренесе и во изборот сега на членови на Советот за јавни обвинители. Жалам затоа што бројните неправилности кои што сега се обидуваме да ги нарпавиме во една бела книга ќе бидат поразителни за напорите Република Македонија да биде европска држава. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Збор има господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам,

Ќе се обидам според договорот да бидам краток, меѓутоа, нормално, имајќи го предвид фактот дека министерот во моментот кога ние дебатиравме, се расправавме во однос на предлогот за донесување или пак потребата од изменување и дополнување на Предлог законот беше присутен заменик министерот во тој момент, а јас сакам уште еднаш да го истакнам мојот став во однос на понудените предлози посебно со предлогот кој што е во однос на концентрирање на надлежности или пак одземањето на надлежностите на некои основни судови, лично, и тогаш истакнував и сега ќе истакнам дека не се согласувам со еден таков предлог поради многу причини, над се, една од причините кој што јас ги истакнав во текот на мојата расправа беше тенденцијата дека овој предлог е направен за усогалсување со Законот за совет на обвинители, нешто штоне држи поради една едноставна причина. Јавните обвинителства кај нас меѓутоа и судовите се организираат врз основа на принципот на хиерархија и во оваа насока не држи образложението што го кажа заменик министерот, меѓутоа дел од образложението што го имаме со предложениот текст затоа што основната причина за пренесување на надлежностите кој што се во однос на организираниот криминал од специјализираните единици кој што беа предвидени да се основаат во согласност со Законот за судовите да се пренесат во една специјализирана единица во Оновниот суд Скопје 1 во Скопје.

Ова посебно го истакнувам затоа што ако внимателно се анализира членот 2 таксативно се истакнува кои дела во иднина ќе се третираат како дела каде што доаѓа до израз организираниоткриминал. Мое мислење е дека едно такво дело или еден таков обид за набројување на таксативен начин на кривичните дела како што рави предлагачот е погрешен начин и токму тоа е причината зошто земав збор. Инаку, сакам да го истакнам и тоа дека е добро што предлагачот преку амандманот кој што е предложен го исполни условот за реализирање на начелото за правично и соодветно застапување затоа што има предвидено како што е истакнато во амандманот намалување на потребните години за искуство за идните

правници кои што ќе сакаат понатаму да бидат членови на некои од судовите било да се тоа основните или Врховниот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Јашари.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам, согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Во салата има над 84 пратеници. Ако има уште некој пратеник надвор од салата би ги повикал да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се заинтересирани да гласаат, а не се во салата да влезат во салата.

Во салата се присутни 84 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 84 пратеници, од нив 83 гласаа за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за донесување на закон за биомедицинско потпомогнато оплодување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Пред да отворам претрес ги повикувам службите, дали има претставник од Министерството.

Поради отсуство на претставникот на Министерството за здравство давам пауза од 10 минути. Ви благодарам.

(Пауза од 13,4 минути)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,13 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Пред да отворам претрес процедурално побара збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, иако немаше никаква процедурална импликација, но во ред е, ваше право е.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Не можам да се согласам со вас дека немаше процедурална импликација, можеби во овој момент нема, но можеби процедурата затаила пред да почне и седницата.

Имено не е прв пат да немаме претставник од надлежното Министерство, министер или заменик министер кога имаме на дневен ред точка закони за кои што тие се надлежни, како што беше во случајот.

Мојата процедурална забелешка е претседателството да ги известува навреме министрите и замениците министри, доколку не се известени која точка е на дневен ред, затоа што не е добро 84 пратеници, како во случајот, да ги чекаат претставниците од Владата, замениците, или замениците министри кога точка на дневен ред е закон од нивното Министерство.

Со тоа се покажува дека не се пратениците кочничари на реформите, како што се сака во јавноста да се претстави, затоа што не само што е пракса да се чекаат претставниците, туку и на мое барање ми одговори претседателот на Собранието дека немаме ниту еден закон со предзнакот на Европската унија кој што е на листата на чекање да биде ставен на дневен ред во Собранието. Тоа значи Владата поангажирано да работи врз законите кои што треба да се однесуваат на хармонизирање со европското законодавство ако навистина недекларативно, туку искрено се залага за интеграција во Европската унија.

Да се нема ниту еден закон со предзнакот на Европската унија, како што е во Собранието и притоа да се префрла вината на пратениците дека се кочничари мислам дека не е чесно и целокупниот неуспех на Владата да се префрла врз Парламентот, исто така сметам во крајна мера е неодговорно.

Во иднина се надевам дека претставниците, не зборувам само за оваа точка која што е на дневен ред, во Собранието немаме ниту еден претставник од министерствата, од Владата и за точките кои што следуваат, кои што се следни на дневен ред.

Уште еднаш сакам да истакнам дека не е проблемот исклучиво во пратениците, како што сака да се претстави и премиерот да кажа Владата се што работи е добро, се што е лошо во државата одговорен е Парламентот. Мислам дека тоа не е така и македонската јавност треба да ја знае вистината.

Благодарам, се надевам дека во иднина ќе ги известувате навреме министрите и замениците министри.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо пратеник Топузова, иако не се согласувам со вас бидејќи не знам колку сте информирани, ние редовно ги известуваме претставниците на Владата за точките кои се од нивниот ресор и со денешната четврта точка, која е со европско знаменце е истата работа, значи министерот и заменик министерот беа известени, имаше малку задоцнуцање бидејќи Владата има седница, мислам дека не е никаков грев што можеби се задоцни петмина минути и треба да имаме разбирање, луѓе сме нели, има секакви случувања.

Мислам дека сте задоволна.

(Реакции од место)

Не сте задоволни, но добро тогаш своето задоволство го искажавте и мислам дека е време да продолжиме понатаму.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Почитуван потпретседателе на Парламентот, почитувани пратеници, почитувани граѓани.

Развојот на медицинската наука и технологија овозможува примена на нови технологии и начини за лекување на неплодноста, кои методи во моментот не се регулирани со законска регулатива, за жал. Меѓутоа нерегулирањето на оваа материја во пракса може да се злоупотреби од причина што се остава простор за примена на различно медицински методи на лекување на неплодноста, кои методи можат да доведат до злоупотреба и кршење на правата на лицата кои се заинтересирани да пристапат кон лекување на неплодноста.

Уредувањето на правата на медицинската помош преку биомедицинско потпомогнато лекуње ќе создава и законска можност жените и мажите кои што не можат да имаат сопствено потомство заради неплодност да го остварат правото на родителство.

Истовремено регулирање на постапката на биомедицинско потпомогнато лекуње ќе создаде правна сигурност кај лицата кои создаваат правна медицинска помош за оплодување и ќе се одрази кај границите на дозволеното односно ќе се обезбеди заштита на правата и интересите на сите кои што се вклучени во овие постапки, како и ќе се оневозможи манипулирање со половите клетки, злоупотреби на постапката, истражувања кои не се во прилог на оплодувањето.

Потребата од донесување на овој закон произлезе и од меѓународните конвенции за заштита на човековите права и достоинство во областа на применетата биологија и медицина, Конвенцијата за човекови права и биомедицина и дополнителниот Протокол Конвенцијата за човекови права и достоинство на човековото суштество во поглед на применетата филологија и медицина за забрана на клонирање на човечкото битие за заштита на човековите права и забрана за клонирање на човековото суштество како и Директивата 2004/23 за воспоставување на стандарди за квалитет и безбедност за донирање, набавување, тестирање, процесуирање, складирање и дистрибуција на човечки ткива и клетки со која се утврдуваат стандардите за квалитет и безбедност за човечките ткива и клетки наменети за човечка примена за да се обезбеди високото ниво на заштита на човековото здравје.

Основни начела на кои што се заснива Законот за биомедицинското потпомогнато оплодување е закон чие донесување се предлага врз основа на следните начела.

- Остварување на правото на родителство со медицинска помош;

- Создавање на правна сигурност кај лицата кои бараат медицинска помош за ополодување;

- Право на информираност и согласност;

- Заштита на достоинството и приватност на лицата кои бараат медицинска помош за оплодување;

- Квалитет за собирање, тестирање, чување, дистрибуција на клетки наменети за оплодување, следнивост и заштита на податоците за дарителот и примателот на биолошките материјали.

Материјата што се однесува на биомедицински потпомогнато оплодување не е регулирано со посебен пропис. Развојот на медицината исто така сугерира, налага оваа материја која што секој ден се развива се повеќе и повеќе да биде ставена во рамки на закон и подзаконски акти.

Истовремено регулирањето на постапката за биомедицински потпомогнато оплодување ќе создаде правна сигурност кај лицата кои бараат медицинска заштита и медицинска помош за оплодување, а се разбира дека се одредуваат и границите, односно дозволеното за заштита на правата и на интересите на сите кои што се вклучени во овие постапки, како што ќе се овозможи односно ќе се оневозможи манипулирање со половите клетки, евентуално нивната злоупотреба во одредена постапка.

Биомедицински потпомогнато оплодување се врши со цел да се постигне ополодување во случаи кога неопходното лекување е неуспешно или лекувањето со други методи е безизгледно, во овој случај кога тешка наследна болест може да се пренесе на породот.

При ваков случај на интервенција може да се користат сопствени или донирани полови клетки и ембриони.

Донирањето и користењето на донираните клетки и ембриони е широко поле во медицината кое нуди големи можности за лекување.

Достапноста на човечки ткива и клетки што се користат за теревпетски цели зависат од донаторите, кои се подготвени нив да ги донираат.

За да се заштити здравјето и да се спречи пренесувањето на заразни болести преку овие ткива и клетки, треба да се преземат сите безбедносни мерки за време на нивното донирање, набавка, тестирање, обработка, конзервирање, чување, дистрибуирање и употреба.

Потребата од донесување на овој закон произлезе и од меѓународните конвенции за заштита на правата на пациентите и човековите права итн.

Со донесувањето на овој закон почитувани присутни ќе се постигнат многу цели, ќе набројам неколку.

- Висок квалитет и безбедност на донирање и употреба на полови клетки преку интензивна размена на искуства и светски стандарди;

- Високо ниво на заштита за да се заштити јавното здравје во однос на квалитетот и безбедноста на ткивата и клетките;

- Претходна оценка на донаторот и тестирање на секое донирање во согласност со правилата утврдени и ажурирани според најдобар можен научен напредок;

- Доброволно и неплатено донирање;

- Анонимност и на донаторот и на примателот;

- Овластени здравствени установи во кои ќе се спроведуваат постапките на биомедицински потпомогнато оплодување ако ги исполнуваат пропишаните услови и ги применуваат стандардите;

- Следење преку точно утврдени постапки за одредување на донаторот, примателот, овластените здравствени установи, како и чување на податоци и соодветен систем за означување;

- Неопходни мерки за заштита на податоците за да можат идните донатори да се уверат во доверливоста на сите информации дадени во единствениот персонал во врска со здравјето, во резултатите од тестирањето на нивните донации, како и во секаква идна можност за следење на нивната донации, и да не се открие идентитетот на примателот, на донаторот или на неговото семејство и обратно;

- Обезбедување на стандардите за квалитет и безбедност;

- Обезбедување за примена на научно - техничкиот напредок на полето на човечки ткива и клетки, кадар кој е директно вклучен во постапките на биомедицински потпомогнато оплодување, соодветни стручни квалификации, да поседува и се разбира да има соодветна обука.

Со законот чие донесување се предлага во општите одредби да се уредува правото на биомедицински потпомогнато оплодување, условите за остварување на правото на оплодување, безбедноста на донирањето, обезбедувањето на тестирањето, обработката и чувањето итн, итн, и сето тоа ставено во одредени правни дефиниции, одредени правни стандарди и се разбира, пред се имплементација на препораките меѓународни и препораките на Европската унија.

Во главната постапка на биомедицински потпомогнато оплодување дефинирана е постапката на биомедицински потпомогнато оплодување односно начинот и целите на кои таа се остварува.

Во постапката на оплодувањето предност се дава на користењето на сопствени полови клетки односно ембриони на брачните и вонбрачните двојки врз кои се врши автологно оплодување.

Ако во постапката на биомедицински потпомогнато оплодување не е можно користење на сопствени клетки на брачните и вонбрачните двојки односно ако тие не се користат поради спречување на пренесување на тешка наследна болест на детето може да се користат донирани сперматозоиди, јајце клетки или ембриони и други лица, анологеично оплодување.

Овие два вида на биомедицински потпомогнато оплодување можат да се спроведуваат преку биомедицински постапки кои се уредени во член 8 од законот.

Корисниците на правото на биомедицински потпомогнато оплодување можат да бидат полнолетни и деловно способни мажи и жени кои се во брак или живеат во вонбрачна заедница и кои според возраста и општата здравствена состојба се способни за родителска грижа, како полнолетни и деловно способни жени кои не се во брак и не живеат во вонбрачна заедница, ако претходното лекување е неуспешно и лекувањето со други методи е безизлезно и кои според возраста и општата здравствена состојба се способни за родителска грижа, член 9 од законот, кои пред да се одлучат за овој вид на лекување задолжително треба да бидат известени од докторот во здравствената установа за постапката и успешноста на постапката, како и успешноста на можните последици и ризици, член 10.

Корисниците на правото на биомедицински потпомогнато оплодување пред спроведувањето на постапката на анологеично биомедицински потпомогнато оплодување во кое се користи донирани полови клетки, или ембриони, задолжително се спроведува правно и психолошко советување, член 11.

Во оваа глава од предлогот уредено е кој може да биде донаторот на полови клетки, како може да се спроведе донирањето и користењето на половите клетки и ембриони, при што овластените здравствени установи се должни да обезбедат заштита на сите лични, медицински и генетски податоци за донаторот и примателот и да преземат неопходни мерки за да идентитетот на примателот не се открие на донаторот и неговото семејство и обратно.

Податоците и документите претставуваат класифицирана информација и се чуваат во согласност со прописите за заштита на класифицирани информации и заштита на лични податоци.

Донирањето е доброволно, а забрането е да се дава или прима паричен надоместок или било каква друга корист за донирање на полови клетки односно ембриони.

Во членовите 19 до 29 од Предлогот уредено е спроведувањето на постапката на биомедицински потпомогнато оплодување,

Постапувањето со половите клетки и ембриони, согласноста од Државната комисија за анологеично оплодување под претпоставки

забрани и ограничувања на користење на донирани полови клетки;

Забрана за бирање на пол на идното дете освен за одбегнување на тешка наследна болест;

Забрана со болест со мешање на полови клетки;

Забрана за тргување или јавно огласување со посредување на јавните медиуми или на друг начин на кој би се овозможило барање или нудење на полови клетки или ембриони односно нудење услуга за раѓање на дете за друг, така наречен сурогат мајчинство.

Исто така, забранета е секоја постапка која е наменета за создавање на човечко суштество генетски истоветно со друго човечко суштество, било да е живо или мртво.

Земање и чување на сперматозоиди, јајце клетки и ембриони за постапка на биомедицински потпомогнато оплодување вршат овластени здравствени установи, кои според член 30 од Предлогот се должни да ги обезбедат сите донирања на полови клетки, да подлежат на лабораториски тестирања на донаторот, а селекцијата и прифаќањето на половите клетки да се врши согласно постапката за набавка и прием во установата.

Исто така се уредени системот на квалитет на половите клетки и ембрионите кои овластените здравствени установи се должни да го воспостават врз основа на принципот на добра пракса и кој вклучува стандардни работни постапки, упатства, обука и референтни прирачници, формулари за извештаи, податоци за донаторот и информации за крајната дестинација на половите клетки и ембриони.

Потоа, обезбедувањето на постапките за контрола на просторот кој се пакуваат и чуваат половите клетки и ембрионите заради спречување на било какви случаи кои можат да имаат несакан ефект врз функцијата на интегритетот на половите клетки.

Во член 37 се дозволува научно истражувачка работа со ембриони исклучиво заради подобрување на човечкиот живот во согласност, се разбира во писмена форма на брачните или вон брачните другари од кои потекнува ембрионот, како и одобрение од Државната комисија по претходно мислење од Етничкиот комитет.

Почитувајќи ги современите достигнувања на медицинските науки, искуства и признаената практика во други држави, како и правилата на општата медицинска етика, исто така се дозволува воспоставување и употреба на нови постапки на биомедицински потпомогнато оплодување, додека се во експериментална фаза со одобрение од Државната комисија и писмена согласност на брачните или вонбрачните другари односно жената.

Со овој закон се овозможува да се врши увоз или извоз на сперматозоиди под услов овластените здравствени установи да ги обезбедат стандардите за квалитет и безбедност, како изведливост од донаторот и примателот, одобрен од Агенцијата за лекови во Министерството за здравство.

Постапките на биомедицинско потпомогнато оплодување можат да се спроведат само во здраствени установи кои имаат добиено овластување од министерот за здравство на предлог на Државната комисија, кои ги исполнуваат условите по однос на просторот, стручен кадар и опрема за спроведување на одредена постапка на биомедицинско потпомогнато оплодување.

Обврска на установата е да определи одговорно стручно лице кое треба да обезбеди секоја полова клетка или ембрион да биде земена, тестирана, процесуирана, чувана и пренесена во согласност со одредбите на овој закон. Да обезбеди информација на Министерството за здравство и Државната комисија за постапките за што е овластена здраствената установа, како и други случаи.

Овластените здравствени уставови се должни да водат евиденција меѓудругото за личните податоци на брачните или вонбрачните другари односно жената врз кои се спроведуваат постапките на биомедицинско потпомогнато оплодување. Видот на постапката на БПО, личните податоци за донаторите на половите клетки - ембриони за секоја донација и за секој продукт добиен од донацијата за донаторите. Половите клетки и ембрионите, резултатите од прегледите и лабораториските испитувања на донаторите и брачните другари или вонбрачните другари односно жената врз кои се спроведуваат постапките на БПО.

За важните околности во врска со бременоста и породувањето како и за здравјето и развојот на детето неповолно настанати реакции итн. Во членовите 53 и 55 од Предлогот се уредува постоењето на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување која ја формира министерот за здравство на предлог на Министерството за труд и социјална политика, Медицинскиот факултет, Лекарската комора на Македонија, здравствените установи кои ја вршат оваа дејност и други стручни и научни институции. Заради систематско следење на примената на овој закон и разгледување на прашањата во врска со БПО, како и составот и делокругот на работата.

Податоците за корисниците на постапките за оплодување, за децата кои се зачнати со биомедицинско потпомогнато оплодување со донирани полови клетки или ембриони, како и за донаторите за половите клетки и ембриони редовно се доставуваат до Државниот регистар за биомедицинско потпомогнато оплодување од страна на овластените здравствени установи. Податоците во Државниот регистар претставуваат класифицирана информација и истите можат да се употребат само како вкупен статистички показате. А, како поединечен само во случаевите уредени со овој закон. До

поединечните податоци, пристап имаат само овластените лица кои го водат Државниот регистар. Овластените лица вработени во здравствените установи кои спроведуваат постапки на БПО, како и лицата овластени за увид на податоците на Државниот регистар од член 57 на овој закон. За поединечните податоци, мерките за заштита на податоците и одговорноста на лицата кои имаат пристап во единствената база на податоци во Државниот регистар се применуваат прописите за клацифицирани информации и заштита на личните податоци.

Во главата надзор се уредуваат надзорот над законитоста на работата и на стручната работа на здравствените установи. Инспекцискиот надзор над спроведувањето на овој закон и правата и обврските на инспекторите во вршење на инспекцискиот надзор.

Кривичните дела за клонирање човечко суштество и за оплодување на јајце клетка од жена со сперматозоид од животно или животинска јајце клетка со сперматозоид од маж или замена на ембрион со пресадување на делови од други човечки или животински ембриони се пропишани во член 68 и 62. Значи, овие две дела се категоризирани како кривични дела.

Во главата прекршочни одредби уредени се прекршоците за правните лица, одговорните лица во правното лице и физичките лица.

Во преодните и завршните одредби член 73 е утврде рокот за формирање на државна комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување и рокот за донесување на општите акти предвидени со овој закон.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Селмани.

Збро има господинот Јован Гинев, повелете.

**Јован Гинев:** Почитуван потпретседателе, почитуван господин министер, колеги и колешки пратеници.

Денес на дневен ред е еден многу важен предлог на закон кој за прв пат кај нас регулира една многу осетлива материја т.е. вештачкото оплодување со биомедицинско потпомогнато оплодување.

Најнапред, сакам да го поздравам Министерството за здравство што за прв пат во Република Македонија се предлага еден многу значаен закон кој регулира една многу осетлива материја, како што е вештачкото оплодување со биомедицинска помош. Вештачкото оплодување е тераписка метода на асистирано размножување и оплодување со биомедицинска помош и се применува во случај на пречки, било да е од страна на жената или од страна на сопругот, т.е. кога не постои можност за оплодување по природен пат и неможност да се роди за живот способно дете. Ако тенденцијата на една нација е зголемување на популациата како и јакнење на позициите на родителството и семејството, што е темелна вредност на секое општество, тогаш јасно е потребата и во Република Македонија да се применат световните достигнувања и технологии во таа насока. Во Република Македонија има висок процент на стерелитет т.е. 15% од брачните парови се без деца. Причините се подеднакви, како од страна на жената, така и од страна на сопругот. Со самото тоа се наметнува потребата од следење и примена на светските медицински техники и технологии за решавање на овој проблем, кој пак од своја страна наметнува низа социјални, медицински, морално-етички и правни пречки различни во различни земји кои зависат од нивото на развојот на културата, верата и традициите. Кај нас уште од почетоците на примената на асистираните репродуктивни техники, се манифестираат бројни медицински, биолошки, психолошки, морално и правни дилеми, како и конфротации со примената на биомедицинските методи.

Првото вештачко оплодување кај жената е опишано во 18 век од англискиот лекар Хантер. Посериозни обиди за вештачко оплодување започнуваат во 1920 година со откривањето на гонадотропните хормони ФСХ и ХЛ хормонот. Бурен развој на вештачкото оплодување следи од 1969 година кога за прв пат се оплодува човечка јајце клетка. Во 1970 година се добива делба на човечки ембрион, а во 1976 година за прв пат е постигнато инвитро оплодување, вештачкото оплодување во Република Македонија што започнува во гинеколошко-акушерската клиника во Скопје, во 1999 година. Оваа материја кај нас до денес не е правно регулирана и поставува низа прашања од билошки, психолошки, морално-етички и правни аспекти на вештачкото оплодување поврзани со хумологна и хетерологна инсиминација и адоптивна бременост. Оттука произлегува и потребата за донесување на закон со кој се создава законска рамка за биомедицинско потпомогнато оплодување кај жените и мажите кои не можат да имаат сопствено потомство заради неплодност да го остварат правото на родителство. Потребата од донесување на овој закон произлегува и од меѓународните конвенции за заштита на човековите права и достоинството во обласа на примената, биологија и медицина за забрана на клонирањето на човечкото суштество, како и од директивата 200423 за воспоставување стандарди за квалитет и безбедност за донирање, набавување, тестирање, процесуирање, оплодување и дистрибуција на човекови ткива и клетки, со кои се утврдуваат стандардите за квалитет и безбедност за човековие ткива и клетки наменети за човечка примена, за да се обезбеди високо ниво на заштита на човековото здравје.

Предлог законот чие донесување се предлага, е заснован на следните начела.

Прво, остварување на правото на родителство со медицинска помош.

Второ, создавање на правна сигурност кај лицата кои бараат медицинска помош за оплодување.

Трето, право на информираност и согласност.

Четврто, заштита на достоинството и приватноста на лицата кои бараат медицинска помош за оплодување.

Петто, квалитет и безбедност за собирање, тестирање, процесирање, чување и дистрибуција на клетки наменети за оплодувањето.

Шестто, следливост.

Седум, заштита на податоците за дарителот и примателот на биолошкиот материјал. Со овој предлог на закон се уредува правото на биомедицинско потпомогнато оплодување, условите за остварување на правото на овој вид на оплодување, безбедноста на донирањето, обезбедувањето, тестирањето, обработката, чувањето, дистрибуцијата и примената на клетки при вршење на биомедицинско потпомогнато оплодување. Правата и обврските на пациентот, здраствените работници и здраствените установи, условите за спроведување, како и надзорот за заштита на човековите права и здраствените стандарди. Со овој Предлог на закон се опфатени и решени социјал-медицинските, биолошките, морално етичките, психолошките и правните аспекти на вештачкото оплодување со примената на биомедицинско потпомогнато оплодување. Овој Предлог на закон е во склад со европското законодавство и е еден многу квалитетен предлог на закон кој е на денешно разгледување и предлагам да биде едногласно донесен и ќе гласам за него. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас.

Збор има господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани пратеници, денес со овој Предлог закон имаме чест од Министерството за здравство, конкретно од господинот минстер да дебатираме и пред нас да имаме закон со европски стандарди и со знаменцето на Европската унија. Ние во Парламентов како лекари ни припаѓа тоа да кажеме неколку зборови, иако не треба многу да се шириме во содржината на законот, но треба да го кажеме тоа што е значајно за овој закон. Со овој закон за биомедицинско потпомогнато оплодување е прогресивен исчекор во медицината кај нас овде, од причина што знаејќи дека многу семејства имаат доживеано судбина целиот нивни живот да го поминат без да имаат свои потомци, со овој закон на законски начин од државата се овозможува секое семејство, брачна двојка која ги има овие проблеми, а ние знаеме дека тие не се малубројни, бројот на оплодување или семејствата кои немаат деца од 15 до 20% е голем број и затоа денес се отвора една светлост и перспектива и тие и овие брачни двојки да ја вкусат желбата на биолошкиот инстикт на родителство. Со овој закон се уредуваат стандардите, одредбите, начинот како може да се создаде нов живот од семејствата или брачните двојки кои имале стерилитет од сега и натаму законски ќе можат со помошта на државата, со помошта на Државната комисија која ќе ја формира Министерството за здравство, во оваа Комисија ќе има една остра, ригорозна контрола како ќе течат работите, бидејќи оваа комисија е составена од 2 правници, од 4 лекари, еден од нив е ендокринолог, тројца гинеколози за хумана репродукција и психолог, социјален работник и што е најважно ќе има и од Етичкиот комитет на Комората на лекари, каде ја наградуваат начините и методите на постапувањето на оваа насока. На овој начин со една законска контрола ќе се отстранат сите девијанти работи кои се одржувале до сега во оваа област, каде брачните двојки кои немаат деца беа принудени да шетаат од амбуланта во амбуланта, од клиника во клиника, штајќи низ сите држави низ поранешна Југославија, трошејќи големи пари за овој проблем, ќе се овозможи овде во Македонија, користејќи ги најдобрите апаратури и стандардните модерни уреди, тоа да се направи на научен начин, на правилен начин и претходно да се отстранат сите сомнежи за генетски болести, за разни наследни болести врз основа каде еден живот ќе излезе како што треба и здрав, а не еден пород да се остави да страда. Значи, овие се стандардите кој ги предвидува овој закон. Во оваа насока е добро да нагласиме и тоа дека со овој закон исто така е уредена и областа на клонирање, каде човекот не може да произведе човек со медицински методи, туку тоа го прави само господ. Човек преку лекарите овозможува клетките да се земат од телото на брачните другари, да се имплементира надвор од телото и внатре во телото и со нивна согласност, со остра контрола да се направат сите биолошки трансакции на содржан начин од правдата. Во оваа насока му честитам на Министерството и министерот, што го поднесоа овој закон за расправа и врз основа на ова мислам дека ќе бидеме во предност од балканските држави имајќи ја предвид имплементацијата и донесувањето на овој закон.

**Бесим Догани:** Збро има господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани пратеници,

Пред нас е донесување на еден закон кој што опфаќа една материја, една постапка која што се применува веќе подолго низа години во нашата држава. Значи, една пстапка на биомедицинско потпомогнато оплодување или во народот позната како вештачко оплодување. Тоа е таква постапка при кое што доаѓа до спојување на машка и женска полова клетка и создавање на ембрион односно постигнување на бременост на начин кој што е поинаков од нормалниот полов однос.

Втората статистика 10 до 15% од сите бракови склучени во светот, па и во Република Македонија се соочуваат со овој голем проблем, проблемот на стерилитет. При тоа, подеднаков е проблемот и кај мажот и кај жената, а во еден

помал процент проблемот е обостран и кај мажот и кај жената. Меѓутоа, со развојот на медицинската наука, со развојот на гинекологијата, со развојот на биологијата и на технологијата се решава овој горлив проблем во многу бракови. Значи, науката дава помош и дава решение за ваквите горливи проблеми на тие стерилни бракови. При тоа, постојат два вида на биомедицинско потпомогнато оплодување. Едниот вид е внатретелесно оплодување или познато како вештачка инсинимација, која што е многу полесна метода. Вториот вид е вонтелеско оплодување, во народот познато како дете од епрувета. Постојат два типа на оплодување во однос на тоа дали земените полови клетки се употребуваат за истото лице односно за еден брачен пар или за друг. Затоа, имаме таканаречено автологно ополодување кога се работи за земање на полови клетки кои што се употребуваат за иста особа или за еден брачен партнер. Имаме второ оплодување, кое што се вика алогенеишно оплодување кога се земаат полови клетки, машки или женски во случај кога кај одреден брачен пар тие отсуствувале или пак во случај кога даречеме кај едниот од брачните парови постои некоја наследна болест, која би се префрлила на идните генерации. Такви болести во нервниот систем, во коскениот систем и во тој случај се случува генетскиот материјал кој што би ја префрлил таа наследна болест. Според овој закон подложни на биомедицинско потпомогнато оплодување се сите полнолетни мажи и жени кои што се способни да водат родителска грижа и кои што живеат во брак или се во вонбрачна заедница или пак жена способна деловна жена која што сака да има дете, ниту живее во брак, ниту во вонбрачна заедница, едноставно сака да има дете. Значи, овој закон тоа и го дозволува и на неа.

Овој закон ги регулира сите оние правни норми кој што до сега не беа регулирани. Во повеќе гинеколошки ординации во Република Македонија се предвидуваа овие постапки, меѓутоа работите не беа правнички издржани и не беа правнички регулирани. Никој од гинеколозите не го нарушил законот затоа што сакал да помогне на некој стерилен брачен пар. Тоа се предвидуваше, меѓутоа одсега, по донесувањето на овој закон во иднина оваа комоција ќе биде уште поголема.

Притоа, во целата таа постапка вклучени се повеќе екипи како што е психолог, кој што мора да укаже на циклушките реакции на идното оплодување, исто така и правни кој што мора да укаже за правните последици за идното родено дете. Имено, правникот кажува дека идниот родител ќе биде вистински татко на детето за кој што фактички не е биолошки родител.

Тоа што јас не се согласувам со овој закон, меѓутоа бидејќи законот беше некако вметнат на оваа 100-та седница и некако се најдов во временски цајтнот за поднесување на амандмани, се работи за две работи за кои што јас имам поинакво мислење, односно законот е малку поригореозен, не е либрален, а тоа е прво, дозвола на сурогат мајчинство според овој закон, значи не се дозволува сурогат мајчинство и тоа според мене не е во ред затоа што секоја жена има легитимно право да биде биолошки родител. Знаеме дека има жени кои што се родени со агенезија, со отсуство на матка, или пак со аномалија на матка, која што матка не може да ја изнесе бременоста до крај или пак се работи за млади жени кои што поради обичен карцином на матката, матката е отстранета и таа не може во себе, во својата утроба да носи плод.

Во некои држави овој проблем, мислам ова решение е дозволено појава на сурогат мајчинство како што во народот тоа се вели барање на жена инкубатор за некое дете.

Друга работа со која што исто така не се сложувам е тоа што според Државната комисија односно според Одлуката на Министерството за здравство има овластени задравствени организации во кои што се дозволува такво биомедицинско оплодување.

Едната од овие постапки реков дека е метателесно оплодување или тоа е вештачка инсеминација со сперма која што се убризгува во гениталните органи на жената. Тоа е многу лесна интервенција, многу едноставна интервенција, и не треба да се исклучи правото на многу гинеколошки ординации,на многу гинеколози кои што можат да ја работат и ја работат таа постапка бидејќи тоа е сепак во интерес и на брачниот пар и на пациентката да не оди од мали во големи места за една така проста и едноставна интервенција.

Бидејќи сега се ближи 13 часот, јас би завршил само со уште една реченица, а тоа е дека споредувајќи ја табелата на овој Предлог на закон со она што е во европското законодавство констатирам дека овде има потполно усогласеност на овој закон со европското законодавство. И затоа законот го подржувам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас господине Пачемски.

Има збор госпоѓа Елмазе Селмани, повелете.

**Елмазе Селмани:** Ви благодарам почитуван претседателе и почитуван министре, почитувани пратеници.

Во интерес на времето не сакам да говорам за детали туку сакам да го поздравам овој чекор на Министерството за здравство, овој чекор не само како потреба за усогласување на нашето законодавство со легислативата на Европската унија, туку ова е голем исчекор во помош на населението и лекарите во остварувањето на нивната света мисија во заштитата на здравјето на нашите граѓани. И сега, со напредокот на медицинската методологија и во остварувањето на едно право, можеби и на една мисија за која човекот е дојден на овој свет правото за да биде родител и на тие брачни двојки кој поради разни причини на стерилност ја немаат оваа можност на родителство.

Ви благодрам и ги поканувам сите да го подржиме овој закон.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Селмани.

Има збор госпоѓа Марија Андонова, повелете.

**Марија Андонова:** Благодарам потпретседателе, благодарам почитувани колеги пратеници, јас навистина ќе бидам многу кратка. За законот за биомедицинско потпомогнато оплодување беше прецизно објаснето од страна на почитуваниот министер за здравство и доста се говореше од страна на колегите пратеници, затоа јас само во две реченици ќе ја искажам мојата поддршка за овој закон.

За денешниов закон долго време се чекаше и би сакала да дадам посебно признание на Министерството за здравство кое се обиде преку овој закон да реши голем број проблеми што ги имаат македонските мажи и жени и искрено се надевам дека на овој начин ќе им се исполни нивната желба да станат родители, а воедно ќе допринесе во Македонија да се зголеми наталитетот и популацијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Андоновска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и објавувам пауза до 15,00 часот. Ви благодарам.

(Паузата започна во 14,03 минути)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

**Благој Зашов:** Бидејќи нема доволен број пратеници во салата ја прекинувам овде оваа седница и најавувам дека во четврток ќе биде продолжение од 104-та седница. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,35 часот)